

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ЕУ ЦЕНТАР

# *ЕУ ВЕСТИ*

*Декември 2019 година*
*ЕУЦ-број 51/2019*

## НОВ ЕВРОПСКИ ЗЕЛЕН ДОГОВОР




Европскиот зелен договор претставува патоказ со низа активности за зајакнување на ефикасната употреба на ресурсите, премин кон чиста, кружна економија, запирање на климатските промени, враќање на загубата на биодиверзитетот и намалување на загадувањето. За да се постави во законска рамка политичката амбиција ЕУ да биде првиот светски неутрален климатски континент до 2050 година, Комисијата во рамки на првите 100 дена ќе го претстави првиот „Европски закон за климата". Договорот ги опфаќа секторите на економијата, особено транспортот, енергетиката, земјоделството, градењето на згради, индустриите за челик, цемент, ИКТ, текстил и хемикалии.

За да се достигне амбицијата на ЕУ за климата и животната средина, Европската комисија ќе претстави и Стратегија за биодиверзитет за 2030 година, нова Индустриска стратегија и Акциски план за кружна економија, Стратегија „Фарма до вилушка" за одржлива храна и предлози за Европа без загадување.

За исполнување на целите на Европскиот зелен договор ќе бидат потребни значајни инвестиции. За да се достигнат актуелните климатски и енергетски таргети за 2030, проценките укажуваат дека се потребни дополнителни годишни инвестиции од 260 милијарди евра, или околу 1,5% од БДП за 2018. За ваква инвестиција ќе треба да се мобилизира јавниот и приватниот сектор. Комисијата на почетокот на 2020 година планира да презентира „Инвестициски план за одржлива Европа" со цел да помогне во исполнувањето на потребите за инвестиции. Најмалку 25% од долгорочниот буџет на ЕУ ќе треба да се намени за климатските активности, а преку Европската инвестициска банка - Европската банка за климата, ќе се обезбеди дополнителна поддршка. Во однос на приватниот сектор кој треба да да придонесе во финансирање на зелената транзиција, Комисијата ќе презентира „Зелена стратегија за финансирање" во 2020 год.

Во март следната година Комисијата ќе претстави „Пакт за климата" и ќе овозможи на граѓаните да го дадат својот глас и да учествуваат во креирање на нови акции, споделување информации, активности и изнаоѓање решенија.

Глобалните предизвици на климатските промени и деградацијата на животната средина бараат глобален одговор. ЕУ ќе продолжи да ги промовира своите цели за животната средина и стандарди во Конвенциите на ООН за биодиверзитет и климата, и да ја јакне зелената дипломатија. Европската унија преку трговската политика ќе се труди да обезбеди одржливост и да гради партнерства со соседите на Балканот и Африка, за да помогне во нивните транзиции.

Европската комисија ги повика Европскиот парламент и Европскиот совет да ја поддржат амбицијата на Комисијата, за идната економија и животната средина на Европа и да помогнат во реализацијата на амбициозните цели.

https://www.gndforeurope.com/

### Содржина на вести:


| | |
|---|---|
| Нов европски Зелен договор | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2-3 |
| Европската унија да покаже јасна поддршка за Западен Балкан | 3 |
| Видувања на новиот Европски комесар за проширување на ЕУ | 3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| Нов предлог за реформа на методологијата за проширување ЕУ | 6 |
| Декемвриски состанок на Европскиот совет | 6 |
| Конференција за климата во Мадрид | 7 |
| Млади избрани политичари обединети за климата | 7 |
| Десетгодишнина Лисабонскиот договор | 8 |
| Парламентарни избори во Британија | 8 |
| Награда за иницијативи на граѓанското општество | 9 |
| Европска недела на вселената | 9 |
| Новиот план за пензиски реформи во Франција | 10 |
| Технолошки подарок за европејците | 10 |
| Меѓународен ден на мигрантите 2019 | 11 |
| ЕУ календар / јануари 2020 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa



**Претставен новиот Зелен договор на ЕУ и Планот на Комисијата за постигнување климатска неутралност на ЕУ до 2050 година.**



**Емили О'Рили реизбрана за Европски правобранител**

**На Пленарна сесија на ЕП, на 11 декември 2019**, претседателката на Европската комисија, Урсула фон дер Лајен го претстави пред европратениците новиот Зелен договор на ЕУ и Планот на Комисијата за постигнување климатска неутралност на ЕУ до 2050 година. Лидерите на политичките групи во ЕП ги изнесоа ставовите како да се обезбеди финансирање и спроведување на идниот европски климатски закон, на економски и социјално избалансиран начин. Извршниот потпретседател на ЕК Франц Тимерманс, ќе биде европски комесар задолжен за Зелениот договор.

***На Пленарна сесија 16-19 декември 2019,*** во дебатата со комесарот за буџет и администрација Јоханес Хан, европратениците побараа Комисијата да ги извести за нејзините планови за сузбивање на проневери и злоупотреба на средствата од ЕУ. Медиумите претходно известуваа за случаи на високи претставници во Унгарија, Чешка и Словачка, кои добиле значајни средства од земјоделските и кохезионите фондови на ЕУ и се стекнале со земјоделско земјиште преку злоупотреба на позициите.

Европратениците ги поддржаа мерките за борба против затајувањето на ДДВ од е-трговија со цел да се намали загубата на околу 137 милијарди евра годишно, како резултат на даночните имами. Потребно е да се креира нов централизиран систем за електронско складирање, со што се овозможува агенциите за борба против даночно затајување во земјите-членки подобро да ги обработуваат информациите за извршените плаќања.

Европратениците со претседателот на ЕП, Давид Сасоли, претседателот на Европскиот совет, Чарлс Мишел и претседателката на Комисијата, фон дер Лајен ја одбележаа десет годишнината од Лисабонскиот договор и реформите со кои се зајакна демократијата и се прошируја правата на луѓето во ЕУ. Сасоли додаде дека претстојната Конференција за иднината на Европа претставува можност за решавање на постојните и нови предизвици преку посилна Европа, заснована на солидарност и слобода.

Во резолуцијата усвоена со 463 гласа „за", 107 против и 105 воздржани европратениците изразија длабока загриженост за зголемениот број напади врз луѓето од ЛГБТИ заедницата во ЕУ од страна на државите, државни официјални лица, национални и локални самоуправи, како и политичари.

За време на дебатата за резултатите од Самитот на ЕУ, одржан на 12 и 13 декември 2019 година, со претседателот на Европскиот совет, Чарлс Мишел и претседателката на Комисијата, Урсула фон дер Лајен, лидерите на политичките групи кои претставуваат мнозинство во европарламентот ја поздравија одлуката за Долгорочната стратегија за климата на ЕУ.

На пленарната сесија европратениците покренаа дебата и за процесот на пристапување на Албанија и Северна Македонија, владеењето на правото, демократијата и основните права во ЕУ, социјалните политики и односот на ЕУ со Турција.

Емили О'Рили (Ирска) беше реизбрана за Европски правобранител за периодот 2019-2024 година. Поддршка доби од 320 европратеници со тајно гласање. О'Рили е поранешна новинарка и прва жена народен правобранител во Ирска во период од 10 години пред да биде избрана за Европски правобранител во 2013 година.

Во усвоената резолуција со 479 гласа европратениците повикаа на целосно вклучување на ЕУ во меѓународните напори за оданочување на дигиталната економија.

Европратениците во усвоената резолуција ја повикаа Комисијата да ја засили Иницијативата за загадувачи и да предложи нови мерки за заштита на пчелите и другите опрашувачи.

Илхам Џевер, ќерката на Илхам Тоти ја прими наградата Сахаров за слобода на мислата во име на нејзиниот татко.

Преговарачкиот тим на ЕП и Советот постигнаа договор за правилата на ЕУ за непречено функционирање на услугите за прибирање средства и зајакнување на прекуграничното финансирање на бизнисот.

## ЕВРОПСКАТА УНИЈА ДА ПОКАЖЕ ЈАСНА ПОДДРШКА ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН

Претседателката на Европската комисија, Урсула фон дер Лајен на прес-конференцијата одржана по првата средба на Колеџот на комесари на 4 декември изјави дека Европската унија треба да покаже јасна поддршка и дека ги сака на своја страна земјите од Западен Балкан. Реформите во ЕУ можат да се спроведат паралелно со процесот на проширување. Зборувајќи за последиците од неотпочнување на пристапните преговори со Северна Македонија и Албанија, фон дер Лајен во повеќе наврати потсети дека таквата одлука ја смета за стратешка грешка. Францускиот предлог за ревизија на пристапните процедури го смета за легитимен и затоа треба да се сослушаат сите предлози, вклучително и оние кои доаѓаат од земјите-членки на ЕУ.

Европската комисија објави методи за следните пет години кои во прв пан ги ставаат колегијалноста, транспарентноста и ефикасноста. Се формира ново тело за координација на надворешните односи - Група за надворешна координација, која на неделна основа ќе ги разгледува тековните меѓународни прашања и ќе координира ставови што треба да се завземат во меѓународните форуми. Групата ќе има централна улога во усогласувањето на внатрешните и надворешните димензии на работата на Комисијата.



Новата Европска комисија ќе се обиде да биде дигитално трансформирана администрација ориентирана кон корисници и податоци, и ќе ги зајакне напорите за подобрување на влијанието врз животната средина преку нејзините активности во секторите на енергија, вода и хартија, управување со отпад и $CO_2$ емисии.

https://euractiv.rs

## ВИДУВАЊА НА НОВИОТ ЕВРОПСКИ КОМЕСАР ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА ЕУ

Новиот европски комесар за проширување, унгарецот Оливер Вархеји во своето обраќање пред европратениците на 4 декември во Брисел истакна дека негова цел е барем една земја од Западен Балкан да влезе во ЕУ до крајот на неговиот петгодишен мандат. Во исто време, високиот претставник на ЕУ за надворешни работи Јозеф Борел нагласи дека европската перспектива на регионот не може да се затвори или промени.

Политичките прашања треба да се решаваат со учество на сите партии во националните парламенти. Императив на земјите од Западен Балкан треба да биде заедничкиот национален минимум на разбирање и да се отстранат разликите кога станува збор за членство во Европската унија. Датумот на членство сè уште претставува чувствително прашање. Со цел побрзо пристапување на земјите кандидати за членство од Западен Балкан во ЕУ, од суштинско значење се: консолидирањето на владеењето на правото, демократијата и слободата на печатот, како и потребната функционална пазарна економија.

Комесарот Вархеји истакна дека „може да се направат измени во методологијата за проширување со цел да биде поубедлива и за кандидатите и за членките на Унијата“ и може да се спроведе паралелно со внатрешното зајакнување и преуредување на ЕУ.

Во дебатата позитивно беше оценета идејата за „мини-шенген“ преку која се поттикнува соработката, се



отстрануваат граничните контроли и во оваа соработка треба да се вклучат сите земји од Западен Балкан.

Европската унија мора да даде многу поголем економски поттик на партнерите во Западен Балкан и да инвестира во долгорочна соработка, транспорт и енергетска инфраструктура. На тој начин ќе се спречи било какво друго влијание врз земјите од Западен Балкан. Високиот претставник на ЕУ, Јозеф Борел истакна дека Западен Балкан мора да остане на врвот на политичката агенда на ЕУ, а европската перспектива на регионот не може да биде затворена или променета.

https://euractiv.rs

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



www.sobranie.mk

Претседателот на Собранието, Талат Џафери на 4 декември 2019 година оствари средба со сенаторот Јоан-Кристиан Киртеш, претседател на Групата за пријателство со Република Северна Македонија во Парламентот на Романија. На средбата Џафери ги нагласи севкупните добри односи помеѓу нашата држава и Романија и информираше за актуелните состојби во државата во однос на интеграцискиот процес. Во составот на романската делегација беа и Мариана Венера-Попеску, пратеничка и Габриел Ницола, ополномоштен министер во Амбасадата на Романија во земјава. Средба со делегацијата оств617ија: претседателот на Комисијата за одбрана и безбедност, Хари Локвенец; претседателот на Комисијата за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите, Емил Димитриев; членот на Комисијата за надзор над работата на Агенцијата за национална безбедност и на Агенцијата за разузнавање, Трајчо Димков и пратеникот Панчо Минов. На средбата беа претставени реформите во безбедносниот сектор во изминатите години, формирањето на Агенцијата за национална безбедност, како и промените кои следат во однос на нејзина професионализација.



На 21 декември 2019 година, претседателот Џафери оствари средба со Мустафа Шентоп, претседател на Големото национално собрание на Република Турција, кој со група пратеници престојуваше во работна посета на на нашата земја. На средбата присуствуваа потпретседателите на Собранието Горан Мисовски и Зеќир Рамчиловиќ, претседателот на Пратеничката група за соработка со Собранието на Република Турција Енес Ибрахим и членовите Алија Камберовски, Мухамед Зеќири, Никола Мицевски, Амди Бајрам, Јусуф Хасани и Теута Биљали. На средбата Мустафа Шенол изрази поддршка на реформската агенда и нагласи дека Турција останува силен подржувач на евроатланското интегрирање на Република Северна Македонија и потврди дека турската заедница во Република Северна Македонија дава значаен придонес во градењето и развојот на успешниот мултиетнички соживот во земјава.



Претседателот Џафери имаше свое обраќање на Националната конференција „Зголемен надзорен капацитет на Собранието преку зајакнување на соработката со надворешни актери со надзорна улога“, која се одржа на 3 декември 2019 година, во организација на мисијата на ОБСЕ во Скопје. Во своето излагање истакна дека од клучно значење за функционално Собрание е неговата финансиска независност, како и независна и професионална Собраниска служба.



Делегација на пратеници од Собранието во состав: Сашо Василевски, Бетиане Китев, Реџаиљ Исмаили и Драган Данев, на 3 декември 2019 година учествуваше на Тркалезна маса на високо ниво за процесот на евроинтеграции на Западен Балкан во Европскиот парламент во Брисел, Кралството Белгија.
На учесниците на тркалезната маса се обратија претседателот на Европскиот парламент, Давид Сасоли, Комесарот за проширување, Оливер Вархели, потпретседателот на Европскиот парламент, Фабио Масимо Касталдо, и повеќе европратеници известители на Европскиот парламент за секоја од земјите од Западен Балкан.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА

Делегација на Собранието во состав Соња Мираковска, копретседавач и членовите Жаклина Лазаревска, Бетиан Китев, Никола Попоски, Шпреса Хадри, Ивана Туфегџиќ, Иван Стоилјковиќ и Мерал Узеири Ферати на 18 и 19 декември во Европскиот парламент во Стразбур учествуваа на 17-от Состанок на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Северна Македонија и ЕУ. Во дебата со европратениците беа разгледани неколку аспекти на реформската агенда на Северна Македонија во областа на владеење на правото, човековите права, младинските политики, слободата на медиумите, судските реформи, борбата против организираниот криминал и корупцијата. Европратениците во своите интервенции едногласно ја потврдија поддршката за европската перспектива на Северна Македонија. Пратениците на Собранието и Европскиот парламент усогласија и усвоија текст на заеднички препораки кои ќе бидат упатени до Европарламентот, до Собранието и Владата на Република Северна Македонија, до Советот на ЕУ и до Европската комисија.



www.sobranie.mk



Шефот на Делегацијата на Собранието во Советот на Европа и член на Мониторинг комисијата на ПС на СЕ, Бетиан Китев присуствуваше на седница на Комисијата која се одржа на 13 декември 2019 година во Париз, Франција. На седницата се дискутираше за подготвените извештаи на известувачите на Советот на Европа за Црна Гора и Полска. По завршување на седницата Китев оствари средба со Кристијан Камбо, претседател на Комисијата за надворешни работи, одбрана и вооружените сили на Сенатот на Француската Република, на која потенцираше дека нашата држава останува доследна на определбата за полноправно членство во Европската унија.

Во својство на член на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа, пратеничката Шпреса Хадри, учествуваше на состанокот на Комисијата за култура, наука, образование и медиуми, кој на 5 и 6 декември 2019 година се одржа во Париз. Во своето излагање пратеничката Хадри нагласи дека можноста Владата да биде доминантен огласувач во медиумите е укината, со што се елиминира можноста за влијание врз уредувачката политика на приватните медиуми и изрази силна посветеност кон зголемување на професионалноста во новинарството.





Претседателката на Пратеничката група на Собранието за соработка со Парламентот на Република Хрватска, Даниела Рангелова, на барање на новоименувата хрватска амбасадорка Нивес Тигањ, на 18 декември 2019 година оствари средба со хрватска трочлена делегација, предводена од Арсен Баук, претседател на Пратеничката група на Парламентот на Република Хрватска за пријателство со Собранието на Република Северна Македонија. На средбата беше потенцирана взаемната соработка и поддршката на Хрватска во евроинтегративниот процес на нашата земја. Соговорниците разменија мислења и искуства на повеќе теми, како начинот на гласање во двата Парламента и актуелниот т.н. Мал Шенген.

## НОВ ПРЕДЛОГ ЗА РЕФОРМА НА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА ЕУ



Девет земји-членки на ЕУ: Австрија, Чешка, Естонија, Италија, Латвија, Литванија, Малта, Полска и Словенија, подготвија свој предлог на тема *„Елементи за засилен процес на проширување и одржлива и забрзана интеграција на Западен Балкан“,* како придонес на дебатата за реформа на методологијата за проширување на ЕУ. Во воведот на предлогот се наведува дека реформата на процесот на проширување не е во спротивност со одлуката за отворање на пристапните преговори со Северна Македонија и Албанија, што треба да се донесе до март 2020 година. Според документот, поглавјата за преговори треба се групираат по главни области, како на пример - во рамки на осумте поткомитети на Договорот за стабилизација и асоцијација, преку нивно заедничко отворање и затворање, а меѓувладините конференции ќе станат политички релевантни. Разликата во француcкиот предлог (нон-пејпер), кој предвидува седум фази од процесот на преговори, е во тоа што групите поглавја може да се отвораат и затвораат паралелно и непоследователно. Новите политички стимулации вклучуваат годишни состаноци на Европскиот совет со лидерите на Западен Балкан, зголемено учество на претставниците на Западен Балкан на состаноци на Советот, како и на комитетите на Советот и работните групи на Комисијата. Проширувањето на Западен Балкан треба да се дискутира и на Конференцијата за иднината на Европа, планирана за 2020-2022 година. Во документот предложена е иницијатива за „Европски конференции“ низ целиот регион за промовирање на дијалог и консултации, со вклученост на Европскиот парламент, националните парламенти и граѓанското општество. Предлозите вклучуваат подобра структура за поглавјата 23 и 24 за владеењето на правото. Документот предлага да има повеќе приоритети и јасни препораки, вклучително и рокови, и дека ЕУ треба да понуди поголема поддршка во спроведувањето на законодавството. Презентирањето на нивото на имплементација на законодавството на ЕУ (*acquis*) треба да се изврши на померлив и споредлив начин, вклучително и технички подобрувања како користење на табели со резултати. Целосното членство во ЕУ на регионите останува крајната цел на процесот и вратите на ЕУ остануваат отворени, се наведува во нон-пејперот на 9-те земји-членки на ЕУ.

https://europeanwesternbalkans.com

## ДЕКЕМВРИСКИ СОСТАНОК НА ЕВРОПСКИОТ СОВЕТ




На состанокот на Европскиот совет на 12 и 13 декември 2019 година, лидерите на ЕУ дебатираа за климатските промени, долгорочниот буџет на ЕУ, надворешните односи, економската и монетарната унија и Брегзит. Советот даде поддршка на целта за климатска неутралност на ЕУ до 2050 година, во согласност со Парискиот договор. Лидерите истакнаа дека транзицијата кон климатска неутралност ќе создаде значителни можности за економскиот раст, пазарите, работните места и технолошкиот развој. Прилагодената поддршка за регионите и секторите кои се најпогодени од транзицијата ќе биде достапна преку Механизмот за праведна транзиција. Следната повеќегодишна финансиска рамка (MFF) ќе даде значителен придонес за климатските активности.На состанокот на Европскиот совет, лидерите на ЕУ истакнаа дека сите релевантни европски политики треба да бидат во согласност со целта за климатска неутралност и ја повикаа Комисијата да испита дали постојните правила, вклучително и државната помош и јавните набавки, бараат соодветно прилагодување. Лидерите побараа Комисијата редовно да известува за влијанието врз животната средина и социо-економското влијание од транзицијата кон климатска неутралност. Комисијата се повикува да подготви: предлог за долгорочна стратегија на ЕУ што е можно порано во 2020 година, предлог за ажурирање на национално утврдениот придонес на ЕУ (NDC) за 2030 година според Парискиот договор.

Европскиот совет ја разгледа идејата за Конференција за иднината на Европа, во периодот од 2020 до 2022 година, која ќе ги вклучи Советот, Европскиот парламент и Комисијата. Во областа на економска и монетарна унија Советот дебатираше за постигнатиот напредок во имплементацијата на Изјавата од Евросамитот во јуни 2019 година, вклучително и ревизија на Договорот за европски механизам за стабилност (ESM), буџетскиот инструмент за конвергенција и конкурентност (BICC), и технички активности за јакнење на банкарската унија.

https://www.consilium.europa.eu

## КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА КЛИМАТА ВО МАДРИД

На отворањето на Конференцијата за климатски промени на Обединетите нации (COP25) во Мадрид, во ИФЕМА-центарот на 3 декември 2019 година присуствуваа над 50 светски лидери . Настанот требаше да се случи во Чиле, но беше преместен како резултат на граѓанските немири во земјата. COP25 е последниот самит на ООН за климата пред 2020 година, до кога нациите мора да достават нови планови за климатско дејствување. Генералниот секретар на ООН, Антонио Гутереш на церемонијата на отворањето на Конференцијата истакна дека преземањето одлуки „сега“ е неопходно за ограничување на емисиите кои предизвикуваат ефект на стаклена градина. Гутереш посочи дека планетата е близу до „точката од која нема враќање“ и ги повика сите земји да бидат „поамбициозни“ и да ги намалат емисиите на загадување бидејќи е „критично време“ за борба против климатските промени.

Вниманието на светските лидери беше насочено кон „нееднаквото“ влијание на климатските промени врз различни земји и социјални групи. Чилеанскиот министер за животна средина, Каролина Шмит потврди дека начинот на кој климатските промени влијаат врз светот е „неправеден“, бидејќи главно им штети на ранливите луѓе, заедниците и државите. Претседателот на Претставничкиот дом на САД, Нанси Пелоси, посочи дека решението за климатската криза треба да биде во насока на „економска и еколошка правда за сите“. Кралот на Шпанија, Фелипе VI истакна дека најранливите се најпогодени од влијанието на глобалното затоплување, влошувајќи ги ризиците и причините за социјална нееднаквост, сиромаштија и глад.

Патот до декарбонизација беше претставен како една од главните цели на државите за борба против климатските промени. Ова прашање беше едно од најистакнатите на последниот самит за климата што се одржа минатата година во Полска. Претседателот на Европската комисија, Урсула фон дер Лајен, присуствуваше на конференцијата во Мадрид како нејзин прв официјален чин. Таа постави високи цели во политиката на Европската унија за борба против климатските промени, ветувајќи дека намалување на емисиите на јаглерод за најмалку 50% до 2030 година. „Нашата цел е да бидеме првиот климатски неутрален континент до 2050 година. Ако сакаме да ја постигнеме таа цел, треба да дејствуваме сега и да ги спроведуваме нашите политики“ - истакна во обраќањето претседателката на ЕК, Фон дер Лајен.

https://unfccc.int/cop25

## МЛАДИ ИЗБРАНИ ПОЛИТИЧАРИ ОБЕДИНЕТИ ЗА КЛИМАТА




https://cor.europa.eu

За време на пленарната сесија на Европскиот Комитет на регионите (CoR) на 3-5 декември 2019 година во Брисел, се реализираше Иницијативата „Млади избрани политичари обединети за климата“. Избраните млади избрани политичари на 3 декември се вклучија во три работилници за: обновлива енергија; енергетска ефикасност и кружна економија; и за начинот на ниско ниво на јаглероден транспорт.

Врз основа на резултатите од работилниците беа изготвени 8 главни препораки за забрзано климатското дејствување на локално ниво. „Отпечатокот за локална климатска акција“ се предаде на претседателот на Европскиот комитет на регионите, Карл-Хајнц Ламберт и на Извршниот потпретседател одговорен за европскиот Зелен договор, Франс Тимерманс, по повод дебатата за европскиот Зелен договор за време на 137-та пленарна сесија на Комитетот на регионите. Изборот на младите политичари претходно се извршил врз основа на утврдени критериуми, а изборот е заснован на обезбедување на најдобар можен баланс на националност, регионална и локална застапеност, политичка припадност и пол, на што CoR е силно посветен.

## ДЕСЕТГОДИШНИНА ОД ЛИСАБОНСКИОТ ДОГОВОР



Лидерите на Европската унија, на 1 декември годинава одбележаа 10-години од Лисабонскиот договор - правниот камен-темелник на Унијата.
Претседателката на Европската комисија Урсула Фон дер Лејен, претседателот на Европскиот совет Чарлс Мишел, , претседателот на Европскиот парламент Давид Сасоли, и претседателката на Европската Централна Банка Кристин Лагард, беа домаќини на церемонијата во Домот на европската историја во Брисел.
„Се среќаваме овде во Домот на европската историја затоа што е вистинското место за рестартирање на европскиот проект. Проект што ќе преземе иницијатива за модернизација на европската демократија, ќе ја направи поефикасна и ќе развие нови европски политики“, истакна во обраќањето Сасоли и ги повика институциите да ги исполнат дадените ветувањата, почнувајќи од борбата против климатските промени до справување со порастот на трошоците за живот.
Претседателот на Европскиот Советот, Чарлс Мишел во говорот истакна дека Лисабонскот договор е „исто толку релевантен и денес, како и пред 10 години, тој нуди алатки за решавање на денешните предизвици“. Со договорот се дава една нова „правна личност“ на ЕУ и можност за потпишување на меѓународни договори, како што е Парискиот договор.
Десет години по стапувањето на сила на Лисабонскиот договор, блокот замислен да создаде единство по втората светска војна, се наоѓа во подем на поделби. Во 2015 година блокот не успеа да примени заедничка политика за азил за решавање на приливот на бегалци од Блискиот исток - најтешката миграциска криза по Втората светска војна. Поделба постои и во економската реформа, предизвикувајќи стравувања дека еврото, кое го делат 19 нејзини земји членки, можеби не е доволно силно за да издржи идна финансиска криза. Со Договорот од Лисабон е воведено зголемено ниво на парламентарна контрола и демократска одговорност и ги зајакна законодавните и буџетските овластувања на ЕП. Договорот ја признава демократската еднаквост, репрезентативната демократија и партиципативната демократија како основни принципи на ЕУ и ја направи Повелбата за основните права правно обврзувачки документ. Повелбата ги обединува сите лични, граѓански, политички, економски и социјални права што ги уживаат народите во Европската унија.

https://www.euractiv.com

## ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ ВО ВЕЛИКА БРИТАНИЈА



На вонредните парламентарни избори во Велика Британија кои се одржаа на 12 декември 2019 година, конзервативците на премиерот Борис Џонсон освоија мнозинство во Долниот дом во Парламентот. Овој резултат го отвора патот за реализација на ветувањето за завршување на процесот на излегување од ЕУ до крајот на јануари 2020 година. Ториевците освоија 364 пратеници, скоро 50 повеќе отколку што добија на изборите во 2017 година. По нив се Лабуристите со 203 пратеници, Либерал демократите 12, Партијата за Брегзит ниту еден и Шкотската национална партија со освоени 48 пратенички места. Овие избори беа трети по ред за помалку од пет години и први во декември во последниве 100 години. Пред изборите доминираше темата за заминувањето на Британија од Унијата која е актуелна од референдумот во 2016 година.
Во кампањата, Брегзитот преовладуваше во темите и основа за паролата на лидерот на конзервативците Џонсон „Get Brexit Done“.
Изборниот резултат е потврда за „неоспорната одлука“ на Британците да ја напуштат ЕУ. Џонсон вети дека Брегзит ќе се случи „на време“, до 31 јануари 2020 година.
Лабуристот Џереми Корбин изјави дека „нема да ја води партијата на следните избори“, поради тешкиот пораз на изборите и изгубени повеќе од 50 места во Парламентот. Корбин пред изборите истакна дека Лабуристите, доколку освојат мнозинство, ќе му стават крај на Брегзит со новиот договор што ќе го доставаат пред јавноста на референдум, со опција да останат во ЕУ.

https://euractiv.rs

## НАГРАДА ЗА ИНИЦИЈАТИВИ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО




Наградата за граѓанското општество на Европскиот економско социјален комитет (EESC) беше воведена во 2006 година. Темата за  награда ја поставува претседателот на EESC. Целта на доделувањето на наградата е да се охрабрат впечатливите достигнувања и иницијативи од граѓанските организации и/или лица од сите нивоа - европски, национални, регионални и локални кои даваат значителен придонес во промовирање на европскиот идентитет и интеграција.

Преку доделувањето на наградата Комитетот влијае врз подигање на свеста за значителниот придонес што граѓанските организации и/или поединци можат да го дадат во создавањето на европскиот идентитет и државјанство, што ги зајакнува заедничките вредности во функција на европската интеграција.

Церемонијата на доделување на наградите годинава се одржа на 12 декември за време на пленарната сесија на EESC. Тимот за евалуација составен од десет експерти одлучија за наградите од вкупно 177 примени апликации од 27 земји-членки на унијата.

Првата награда во вредност од 14.000 евра, е на Women's Toponymy, италијански проект, кој се обидува да го зголеми бројот на објекти и места кои ќе се именуваат со имиња на значајни жени, давајќи им јавно заслужено признание. Втората и третата награда, Останатите награди, секоја во вредност од 9.000 евра се:

- втора награда: Штрајкот на жените во Полскач
- трета награда: Проект за бајки, на бугарското здружение НАИА, кое предава родова еднаквост на децата од предучилишна возраст преку класични бајки;
- четврта награда: #mimmitkooda (Женски кодекс), програма на Финската асоцијација за софтвер и е-бизнис (Ohjelmisto- ja e-business ry), борба против стереотипот дека развивачите на софтвер се претежно мажи; и
- петта награда: Бриселскиот биндер од Белгија, кој се залага за подобра застапеност на жените во дебатите за европската политика;

Во 2018 година, наградата беше доделена на иницијативи кои ги славеа европскиот идентитет, вредности и културното наследство.

Претходните теми вклучуваа иновативно претприемништво за поддршка на интеграцијата на пазарот на трудот на загрозените групи, борба против сиромаштијата и солидарност со бегалците и мигрантите.

https://www.eesc.europa.eu

## ЕВРОПСКА НЕДЕЛА НА ВСЕЛЕНАТА




Европската вселенска недела се одржа во Хелсинки, Финска, од 3 до 5 декември 2019 година. Европската недела на вселената е водечки настан за европските вселенски програми во 2019 година, ги обединува бизнисот, креаторите на политики, меѓународните експерти и заедницата на корисници на вселенски апликации. Настанот беше еден вид ревизија на вселенските програми на ЕУ - Коперник, ЕГНОС и Галилео и надградбите за Новата вселенска економија. Фокусот на дискусиите на бројните настани беше насочен на прашањето како вселенските решенија можат да придонесат за одржлива Европа и одржлива иднина.

Оваа година вниманието на Европската вселенска недела беше насочено на централните теми:

- Како вселенските решенија можат да помогнат во зајакнувањето на позицијата на ЕУ како глобален лидер во климатските активности,
- Нова вселенска економија за одржлив раст,
- Одржлива вселенска економија: Заштеда на простор за идните генерации, и
- Вселенски решенија за одржлив Арктик.

https://www.copernicus.eu

## НОВИОТ ПЛАН ЗА ПЕНЗИСКИ РЕФОРМИ ВО ФРАНЦИЈА




Францускиот премиер Едуар Филип на 11 декември 2019 година го претстави новиот план за пензиски реформи кој ги опфаќа Французите родени по 1975 година. Оваа отстапка произлегува од барањата на синдикатите кои се противат на реформата, со која се „оправдува“ прекинот на штрајкот. „Транзицијата ќе биде постепена“ кон универзален пензиски систем што претпоставува спојување на 42-те пензиски основи кои постојат во Франција. Минималната старосна граница за пензионирање ќе биде 62 години, но за остварување целосна пензија ќе се работи до 64 години. Примената на пензиските реформи ќе биде одложена, а мерките ќе почнат да се применуваат на новите вработени кои ќе влезат на пазарот на труд од 2022 година. За оние кои веќе работат мерките ќе се применуваат на оние кои се родени 1975 година.

Минимална пензија од 1000 евра ќе се воведе за лицата кои работат цел живот, а загарантирани ќе бидат пензиите на наставниците и ќе бидат на ниво на пензиите на државните службеници во соодветните професии. Дополнителни поени се планира да добијат жените за секое дете сметајќи од прво роденото.

Предлогот на Владата за реформа на пензиите, според премиерот Филип е оправдан, за продолжување на дијалогот и прекин на штрајковите и демонстрациите против планот.

Поради најавените пензиски реформи во Франција се одржуваат штрајкови во железницата и другиот јавен сообраќај и улични протести на граѓаните. Владата и синдикатите меѓусебно се обвинуваат за можната парализа на институциите во целата земја за претстојните новогодишни и божиќни празници. Како резултат на настаната ситуација францускиот Комесар за реформа на пензиите, Жан-Пол Делвоа на 16 декември поднесе оставка која беше прифатена од претседателот на Франција, Емануел Макрон.

https://euractiv.rs

## ТЕХНОЛОШКИ ПОДАРОК ЗА ЕВРОПЕЈЦИТЕ




Финска подготви технолошки божиќен подарок за сите граѓани на ЕУ – бесплатен курс на нивниот мајчин јазик за користење на вештачка интелигенција.

Финска која брои 5.5 милиони жители, ќе го пренесе знаењето за вештачката интелигенција за 1% од жителите на ЕУ, што е околу пет милиони луѓе, преку основен онлајн курс кој ќе трае до крајот на 2021 година. Во проектот ќе учествуваат Универзитетот во Хелсинки и финската консултантска фирма „Рекатор“.

Професорот Тиму Русо по компјутерски науки на Универзитетот во Хелсинки кој е основан во 1640 година, го претстави проектот кој чини два милиони евра и е подарок од Финска за Европа со цел луѓето да научат да се борат со растечката дигитализација на општествата и да се запознаат со можностите на вештачката интелигенција на пазарот на труд и останатите области. Курсот на најпрактичен начин ги покажува основните концепти на вештачката интелигенција. Според професорот Рус, Европа има неверојатен потенцијал, но недоволни се инвестициите во вештачката интелигенција. Тој додаде и дека Европа се соочува со немилосрдна конкуренција на полето на вештачката интелигенција бидејќи Кина и САД се дигитални гиганти.

Програмата „Елементи на вештачката интелигенција“ постигна огромен успех во Финска од самиот почеток во 2018 година и прерасна во најпопуларниот онлајн предмет посетен од 220.000 студенти од повеќе од 110 земји.

https://apnews.com

## МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА МИГРАНТИТЕ 2019

Секоја година на 18 декември, во организација на Обединетите нации се одбележува Меѓународниот ден на мигрантите. Целта на овој посебен ден е да се препознаат напорите, придонесите и правата на мигрантите ширум светот. Темата за Меѓународниот ден на мигрантите 2019 година е „Ние заедно“. Постојаниот развој и интеграција на европската миграциска политика останува клучен приоритет на Европската комисија со цел да се исполнат предизвиците и да се искористат можностите што миграцијата ги претставува на глобално ниво. Интеграцијата на државјани на трети земји кои живеат легално во земјите-членки на ЕУ, се здоби со сè поголемо значење на европската агенда во последните години. Евростат објавува селекција на индикатори за интеграција на мигрантите кои се достапни во базата на податоци.






https://www.un.org/en/observances/migrants-day

### Донесени закони од НПАА, во декември 2019 година:

1. Закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Република Литванија за меѓународен превоз во патниот сообраќај,
2. Закон за ратификација на Анексот за изменување на Анексот 1 на Мултилатерална спогодба меѓу Европската заедница и нејзините земји членки, Албанија, БиХ, Бугарија, Хрватска, С.Македонија, Исланд, Ц.Гора, Норвешка, Романија, Србија и Мисијата на Обидинетите нации за привремената администрација на Косово за основање на Европската заедничка водухопловна област.

***ЕУ КАЛЕНДАР / јануари 2020***

*1. Хрватско претседателство со Советот на ЕУ, 01/01/2020 до 31/06/2020;*
*2.Европски ден на енергетика, 02-13/01/2020, Брисел, Белгија;*
*3.Две пленарни сесии на Европскиот парламент: на 13-16/01/2020, и 29-30/01/2020, Стразбур, Франција.*
*4.Форум на градовите 2020, 30-31/01/2020, Порто, Португалија,*
*5. Информативен ден за Еразмус + и спортот, 30/01/2020, во Брисел.*




Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414 и 289
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за "Техничка помош за Парламентот", во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*

*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*

*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*

*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.*

*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




